PRO agens**** ®

Професионална Едукација

СОВЕТУВАЊЕ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ



Локација: **Сандански**, БГ, „**Интерхотел Сандански**“

Термин: **2 - 5 февруари 2025** година (недела-среда)

Предавач: **Александар Блажески**

Организатор: Агенција **ПРО АГЕНС**, Скопје

02/**3298 763**; 02/**3162 979** / **071 503 674**, **v_mladenova**@proagens.com.mk, **kontakt**@proagens.com.mk

Обуката е наменета за сите лица вработени кај договорните органи кои се директно или индиректно вклучени во процесот на спроведување на јавните набавки, како и за лицата вработени кај економските оператори кои изготвуваат понуди за учество во постапките за јавни набавки.

Во текот на обуката слушателите ќе се запознаат со Законот за јавните набавки и неговата примена во пракса. Предвидено е да се разработат најактуелните проблеми кои се јавуваат во пракса при набавка на стоки, услуги или работи, како и најчестите грешки кои ги прават договорните органи при спроведување на постапките, како и проблемите со кои се соочуваат економските оператори кои што учествуваат во постапките за јавни набавки.

Ќе се разработат повеќе теми започнувајќи од вредносните прагови за спроведување на постапки и начинот на нивно евидентирање во ЕЈСН, видовите постапки и нивната примена во пракса, користењето на критериумот економски најповолна понуда (опционално и задолжително), начинот на утврдување на способноста на економските оператори, како и правната заштита во постапките за јавни набавки.

Најчести прашања поврзани со функционирањето на системот за јавни набавки:

1. **Вредносни прагови за спроведување постапка и нивно евидентирање во ЕСЈН/квартална евиденција;**
2. **Видови постапки за јавни набавки и начин на нивно спроведување во пракса, утврдување на критериумите за способност за секоја постапка поединечно;**
3. **Групна понуда, поддршка од друг субјект и подизведувач;**
4. **Спроведување на постапка од мала вредност преку ЕСЈН или преку Е-Пазар – предности и недостатоци – можност за набавка на стоки преку Е-Пазар од конкретни брендови;**
5. **Економски најповолна понуда – кога и како се користи (опционално и задолжително), кои барања за утврдување на елементот квалитет се дозволени и како истите да се дефинираат;**
6. **Правна заштита – воспоставена пракса при донесување одлуки од страна на ДКЖЈН;**
7. **Измена на договорот во период на негова важност – дали и кога може да се врши измена на договорот и под кои услови;**
8. **Постапка со преговарање без претходно објавување на оглас – кога може да се користи, под кои услови и начин на нејзино спроведување.**

ТЕМИ / ПРОГРАМА НА СОВЕТУВАЊЕТО ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

1. **Вредносни прагови за спроведување постапка и нивно евидентирање во ЕСЈН/квартална евиденција**

   Ќе се образложи начинот на спроведување на набавки под вредносните прагови, односно набавки до 1000 евра во денарска противвредност без ДДВ. Детално ќе се образложи начинот на кој што може да се вршат набавките, како и обврските кои произлегуваат на ЕСЈН од нив (начин на пополнување на кварталните евиденции).

2. **Видови постапки за јавни набавки и начин на нивно спроведување во пракса, утврдување на критериумите за способност за секоја постапка поединечно**

   Ќе се разработат видовите постапки кои се предвидени со Законот за јавните набавки и за секоја од нив ќе бидат образложени условите кои што треба да бидат исполнети за истите да можат да се спроведат. Ќе се образложи користењето на критериумите за утврдување на способност за секоја од постапките

за секоја постапка поединечно, кои услови може да се предвидат и на кој начин да се дефинираат во тендерската документација.

3. **Групна понуда, поддршка од друг субјект и подизведувач**

   Разработување на начин на поднесување на групна понуда, кои документи треба да се поднесат од групата на понудувачи и начин на нејзина евалуација. Ќе се разработи начинот на користење поддршка од друг субјект и подизведувачи во постапката (кога се користи поддршка, а кога подизведувач) и кои документи треба тие економски оператори да ги достават;

4. **Спроведување на постапка од мала вредност преку ЕСЈН или преку Е-Пазар – предности и недостатоци – можност за набавка на стоки преку Е- Пазар од конкретни брендови**

   Ќе се разработи постапката од мала вредност, нејзиното спроведување преку ЕСЈН како класична постапка и можноста за користење на Е-Пазарот како начин на спроведување на постапката. Ќе се утврдат сите предности и недостатоци за спроведување на постапката од мала вредност и можноста за набавка на конкретен бренд на стоки преку Е-Пазарот.

5. **Економски најповолна понуда – кога и како се користи (опционално и задолжително), кои барања за утврдување на елементот квалитет се дозволени и како истите да се дефинираат**

   Во текот на обуката ќе се презентираат и одредбите кои се однесуваат на задолжителното користење на критериумот економски најповолна понуда (однос помеѓу цена и квалитет) и каде смее/не смее да се користи цената како единствен критериум.

Задолжително користење на однос економски најповолна понуда (однос цена/квалитет) кај:

- Преведувачки услуги
- Услуги за изработка на софтверски решенија
- Систематски прегледи
- Технички прегледи на возила
- Останати услуги утврдени со посебни акти и регулирани цени

* Примери за успешно спроведени постапки каде што се користи сооднос цена/квалитет со утврдување на услови за бодување не елементот квалитет за секоја од постапките за кои истото е задолжително.

6. **Правна заштита – воспоставена пракса при донесување одлуки од страна на ДКЖЈН**

   Правната заштита како последен дел од една постапка за јавна набавка ќе биде презентирана на начин што ќе се образложи на слушателите кои се најчестите основи за поништување на постапките за јавни набавки, враќањето на постапки во евалуација или начинот на одбивање на жалба. Ќе се разработи процесот на една жалба, како и обврските кои ги има договорниот орган при жалбена постапка. Исто така, ќе се презентира и воспоставената пракса на одлучување по одредени жалбени наводи од страна на ДКЖЈН.

7. **Измена на договорот во период на негова важност – дали и кога може да се врши измена на договорот и под кои услови**

   Можност за измена на договорот во период на негова важност (Анекс), кога е дозволен и кои се условите кои мора да бидат исполнети за да се направи измена на договорот. Целосно ќе се разработи член 119 од Законот за јавните набавки каде е уредена измената на договорот во период на негова важност.

8. **Постапка со преговарање без претходно објавување на оглас – кога може да се користи, под кои услови и начин на нејзино спроведување**

   Ќе се образложи и процедурата на барање претходно мислење од Бирото за јавни набавки поврзано со постапките со преговарање без објавување на оглас, како и тоа кои предмети на набавка подлежат на претходно мислење. Ќе се објаснат сите можности за користење на постапката со преговарање без претходно објавување на оглас и исполнетоста на условите за нејзино користење.

Цели на обуката:

Стекнување нови искуства и знаења преку практични примери и размена на искуства од секојдневното работење и надминување на проблемите со кои се соочуваат лицата кои што директно и индиректно се вклучени во процесот на спроведување на постапките за јавни набавки.

Цена:

Цената на дводневната обука во Сандански изнесува **4.000** денари

Плаќањето за Обуката се врши во корист на сметката на Про Агенс: **210 050 394 01 01 43**, кај НЛБ банка.

Повикување на број: **40-25-1**.

ПРИЈАВА за **Советување / Обука** за **ЈАВНИ НАБАВКИ**, бр. **40-25-1**,
САНДАНСКИ (БГ) 2-5 февруари 2025 г.
Агенција **ПРО АГЕНС**

1	Име	
2	Презиме	
3	е-маил за информирање	
4	Телефон за контакт	
5	Вработен во фирмата (скрат. назив)	
6	Адресни подат. за фирмата (ул. и бр.)	
7	Град	
8	Плаќањето ќе биде извршено од:	Ставете „**X**“ само во еден од избраниот ред:
	8 а) Фирмата/ТП во која сум вработен (наведена погоре во точката 6.)	
	8 б) Сопствени парични средства на ОС / С	

Инфо за организацијата на патувањето:

ЦЕНА за престојот и патувањето: 3 полупансиони; со вклучен автобуски превоз:
двокреветна соба = **16.999** денари / доплата за **еднокреветна соба** = **6.999** денари
Состанок на групата на 2 февруари 2025 (недела)
пред хотел „Русија“ во населба Аеродором, Скопје во 7:45 часот (рано наутро)

Име и презиме на патникот	
Мобилен телефон	
Ако патувате со **сопствено возило** (а не со организираниот превоз), ставете „**X**“ (ако патувате организирано, ова поле не го пополнувајте)	
Ако поседувате **сопствено патничко осигурување**, ставете „**X**“	
ЕМБГ	
Број на пасош	
Адреса од пасошот	

Со пополнувањето на оваа Пријава го потврдувам Барањето за резервација во хотелот „**ИНТЕРХОТЕЛ САНДАНСКИ“ ^{4}* - Сандански (БГ)**, согласно со познатите цени и услови:

Пристигнување во хотелот:	2.02.2025	двокреветна соба	
Напуштање на хотелот:	5.02.2025	еднокреветна соба	
Двокреветната соба ќе ја делам со:			

Пилот травел: info@pilottravel.com.mk / сметка: 210-0571615201-11 / **тел.** 02 / 32 98 344

Инфо за Советувањето /Обуката

Регистрација на 3 февруари 2025 (понеделник) од 9:30 часот. **Почеток во 10:00 часот !**

Пријавениот учесник се смета за регистриран само ако е извршена **целосна уплата на цената**.
Уредно пополнетата Пријава задолжително се доставува **15 дена пред Советувањ. / Обуката.**

ЦЕНА на Советувањето / Обуката (со Прир., раб. матер. и освеж. напиток): **4.000 денари**

Сметка на Про агенс, **210 050 394 01 01 43**, кај НЛБ банка. Повикување на број: **40-25-1**.